**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-220/6**

**Скопје, 22.09.2008 година**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2007 година, кои се прикажани на страните 16, 17 и 18.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за средства од буџетот на РМ (во понатамошниот текст МОН), за 2005 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Сулејман Рушити, Министер од 01.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 15, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03-30.05.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 15.07.2008 година под архивски број 1104-220/4 примени се забелешки по точките 10.1.1, 10.1.3, 10.1.5, 10.2.1, 10.2.3, 10.2.4, 10.3.1, 10.3.2, 10.4.1, 10.4.4, 10.4.5, 10.4.6, 10.4.7 и 10.4.8.2 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е одлучено следното:
    - забелешките по точките 10.1.1, 10.1.3, 10.1.5, 10.2.1, 10.2.4, 10.3.1, 10.3.2, 10.4.1, 10.4.4, 10.4.5, 10.4.6, 10.4.7 и 10.4.8.2 да не се прифатат бидејќи не се изнесени докази и аргументи кои ги побиваат наодите на ревизијата, а
    - забелешката на точката 10.2.3 од Претходниот делумно се прифаќа, поради изнесени аргументи кои го корегираа наодот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Министерот за образование и наука на 31.01.2006 година донел Правилник за мерилата и критериумите за исплата на надоместок за зголемен обем на работа и дополнително ангажирање за извршување на работи и работни задачи на вработените по основ на членување во комисиите утврдени во истиот повикувајќи се на одредби од Законот за државни службеници, Законот за работни односи и Колективниот договор како основ за негово донесување. Врз основа на овој Правилник, во МОН, во 2007 година, по донесени решенија на Министерот, исплатени се надоместоци на вработените (државни службеници), преку склучување на договор за дело меѓу Министерот и вработеното лице, а исплатени преку Македонска авторска агенција која не е избрана со постапка за јавна набавка ниту МОН склучило договор за регулирање на меѓусебните односи. Исплатите на надоместоците на вработените по овој Правилник имаат за ефект ненаменско и незаконско трошење на буџетски средства по основите наведени во точката 11.4.1. од овој извештај бидејќи примената на одредбите за наградување на државните службеници од Законот за државни службеници, како единствен закон што ги уредува правата и обврските на државните службеници, континуирано се одложува.

11.1.2. Спротивно на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа кој што пропишува дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, но кога за тоа е овластен со закон, во МОН вршени се исплати по донесени решенија од Министерот без соодветен законски основ во посебните закони. Ваквиот

начин на користење на дискреционото право на Министерот има за ефект ненаменски и незаконски исплатени средства од буџетот на РМ по основите наведени во точките од 11.4.2. до 11.4.4. од овој извештај.

11.1.3. Во МОН не е воспоставена внатрешна ревизија која што обезбедува систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, спротивно на Законот за буџетите и Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор. Не постоењето на внатрешна ревизија оневозможува да се врши проверка дали финансиските промени односно трансакции се извршени во согласност со законските прописи, дали постои соодветна документација и дали финансиските извештаи обезбедуваат целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите од финансиските активности.

11.1.4. Спротивно на Правилникот за утврдување на услови и критериуми за доделување на средства за создавање на научно-истражувачки кадри МОН не ја спроведува обврската за рефундирање на средствата од корисниците на стипендии за последипломски студии во земјата и странство кои биле прифатени за студирање во прва година, а не ги исполниле обврските за запишување на наредната година. МОН не ги обврзува да ги вратат средствата ниту корисниците на стипендии за последипломски студии во земјата и странство, кои не магистрирале во рок од пет години сметано од денот на склучувањето на договорот, ниту корисниците на стипендии за докторски студии во земјата и странство кои не докторираат во рок од 5 години од денот на прифаќањето на докторскиот труд, односно од денот на запишувањето на докторските студии. Ваквата состојба упатува на нерационално трошење државни средства.

11.1.5. Спротивно на Законот за буџетите, МОН по донесувањето на Буџетот на РМ не доставило извадок од годишниот финансиски план по сметки, по програми и ставки на одделните единки корисници за утврдување на правото на дел од средствата за обавување на дејноста со што ги оневозможило единките корисници да донесат свој финансиски план за намените за кои ќе ги користат средствата. Заради ваквиот начин на работење ревизијата не е убедена во примена на објективни мерила и критериуми за распоредување на средствата по единки корисници ниту во нивното наменско користење.

**Препораки**

1. Министерот за образование и наука да го стави вон сила Правилникот за мерилата и критериумите за исплата на надоместок за зголемен обем на работа и дополнително ангажирање за извршување на работи и работни задачи на вработените, до стапување на сила на одредбите од Законот за државни службеници кои ја регулираат оваа материја.
2. Во иднина, министерот за образование и наука да ја прекине праксата на донесување интерни акти (правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти) за извршување на законите и другите прописи, освен кога за тоа е овластен со закон. При изготвувањето на актите на МОН покрај основот наведен во членот 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа да се наведат и конкретните законски прописи од кој што произлегува основот за нивното донесување.
3. Министерот за образование и наука во најкраток можен рок кадровски да ја пополни единицата за внатрешна ревизија чија надлежност и дејствување

е повеке од потребна имајки ја предвид бројноста на субјектите кои ги покрива.

4. Одговорните лица и надлежни служби при МОН да воспостават постапки за примена на одредбите предвидени со Правилникот за утврдување на услови и критериуми за доделување на средства за создавање на научно-истражувачки кадри што се однесуваат на враќање на стипендиите од страна на корисниците кои не ги исполниле условите наведени во договорите.
5. По донесувањето на Буџетот на РМ, МОН да достави извадок од годишниот финансиски план по сметки по програми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници во согласност со Законот за буџетите.

## 11.2. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.2.1. Ревизијата не можеше да се увери во објективноста и реалноста на расходите во износ од 313.700 иљјади денари доделени за унапредување на ученичкиот и студентскиот стандард (стипендии за талентирани студенти, студентски кредити, стипендии за поддршка на млади таленти, стипендии за студенти по информатика и сл.), од следните причини:

- Комисијата за доделување на стипендии за талентирани студенти не врши рангирање на кандидатите врз основа на постигнатиот просечен успех, кој е основен критериум во конкурсот. Поради наведеното, за учебната 2006/07 година, Комисијата доделила поголем број на стипендии за студенти од предвидениот број, утврден со Конкурсот и Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2007 година;
- Доделувањето на студентски кредити е извршено без претходно рангирање на кандидатите по претходно утврдена структура на бодовите според условите наведени во Конкурсот;
- Во однос на стипендирањето на 125 студенти по информатика, Комисијата при МОН не ги прецизирала студиските програми компатибилни со научната област информатика. Од тие причини, истата одобрила стипендии за студенти кои се запишани на други студиски програми со содржини надвор од областа на информатиката;
- Ревизијата утврди неисполнување на условите утврдени со Конкурсот за стипендирање ученици од средното образование (поддршка на млади таленти) во однос на основниот критериум - освојување на диплома на меѓународен или државен натпревар од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот, а соодветни на струката или дисциплината што ја изучуваат и организирани од институции надлежни за организирање на државни натпревари од основното и средното образование;
- Поради непрецизирање на недоволно застапените образовни профили во РМ, ревизијата не можеше да се увери дека стипендиите за студенти- дефицитарни кадри се доделени исклучиво на студенти за струки и дисциплини, кои се дефицитарни и се од интерес на РМ, а не се опфатени на вишите школи и факултети на државните универзитети во РМ;
- Поради примената на Регистер на последипломски студиски програми /профили на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кој не е ажуриран со новоакредитираните програми за последипломски студии, ревизијата не се увери дека стипендиите за последипломски студии во

странство се доделени исклучиво на кандидати кои се запишани на научни дисциплини што не се организирани во РМ.

Наведените недоследности во постапките на доделување на стипендии и кредити оставаат простор за субјективизам при селекцијата на кандидатите, дејствуваат во спротивност со целите на програмите за остварување и развој на дејноста во ученичкиот и студентскиот стандард и овозможуваат значителни пречекорувања на планираните буџетски средства.

11.2.2. Ревизијата не можеше да се увери во објективноста и реалноста на расходите во износ од 2.002 илјади денари доделени како средства за изработка на магистерски и докторски трудови врз основа на Правилникот за утврдување на услови и критериуми за доделување на средства за создавање на научно-истражувачки кадри. МОН ги доделува средствата без објавување на конкурс, со кој ќе се утврди бројот на корисниците што оневозможува изборот на кандидатите да се врши врз основа на постигнатиот успех од последипломските студии како основен критериум согласно Правилникот.

11.2.3. Министерството за образование и наука исплатило средства во износ од 1.600 илјади денари на нетранспарентен начин, без претходно да се определат приоритетните проекти/настани, како и условите и критериумите за доделување на истите во следните случаи:

- Одржување на 15-та Домијада (2007 година) од страна на Здружението на директорите од ученичките и студентските домови на РМ во износ од 150 илјади денари;
- За поддршка на Здружението на директорите од ученичките и студентските домови на РМ за соработка со студентските домови во Виена, Р. Австрија во износ од 350 илјади денари;
- За поддршка на Центарот за истражување и развој на образованието за партиципација во проектот за изработка на истражување за натпревари за ученици од основните и средните училишта кои се организираат на државно ниво во износ од 600 илјади денари;
- За поддршка на Здружението на граѓани ХОПС-Опции за здрав живот од Скопје, како партиципација во Проектот за проценка на потребите и можностите за спроведување на програми и проекти за превенција од употреба на дроги кај средношколската младина во Град Скопје во износ од 500 илјади денари.

Исплатата се поткрепува со повикување на член 55 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, кој предвидува можна партиципација со средства во здруженија кои создаваат услови за откривање, стимулирање, проширување и продлабочување на знаењата од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот кај учениците и настапи на разни олимпијади, натпревари, изложби и сл. со цел да се афирмираат способностите и талентираноста на младите. Нетранспарентноста во финансирање на овие настани утврдени во конкретни стратегии/политики остава простор за субјективизам при одлучувањето на одговорните лица.

11.2.4. Ревизијата не е убедена во реалноста и објективноста на настанатите расходи за изградба и реконструкција на основни и средни училишта за што се исплатени средства во висина од 239.163 илјади денари од следните причини:

- Повеќекратната измена на Програмата за изградба и реконструкција на основни и средни училишта од аспект на износот на финансиските средства планирани по одделни училишта и на изборот на училиштата упатува на тоа дека МОН нема јасна и долгорочна стратегија за капитални инвестиции во оваа област. Поради повекегодишното траење на изградбата и планираниот буџет на годишно ниво, МОН секоја година спроведува постапка за јавна набавка за ист предмет на набавка, но ревизијата изразува резерва за објективноста на изборот на истиот изведувач од претходната година како најповолен понудувач и во тековната година.
- Вредноста на вкупно извршените работи според завршните ситуации соодветствува со вредноста на работите утврдена во договорите и покрај тоа што често има промена на количините на материјалите во однос на предмер пресметката, а во услови на непроменети цени;
- Не се приложени документи за датумот на воведување на изведувачот во работа, а времените ситуации за извршена работа се без датум, поради што неможевме да се увериме дека градежните работи се извршуваат во роковите утврдени со договорите. Во договорите за изградба/реконструкција се предвидени казнени поени за неисполнување на рокот, но оваа можност МОН не ја користи.

Ваквиот систем на планирање и извршување на инвестициона изградба создава ризик од необјективно проценување на расходите и ненавремено завршување на активностите.

**Препораки**

1. Во постапката на одобрување на стипендии за талентирани студенти и студентски кредити министерството да обезбеди:
   - Во конкурсот за доделување на студентски кредити определен максимален број на бодови, кој може да се освои по другите критериуми (семејна положба) со оглед дека постигнатиот просечен успех не е единствениот критериум за доделување на студентски кредити. Кредитите треба да се одобруваат во транспарентна постапка, врз основа на утврдена структура на бодови за постигнатиот просечен успех и другите наведени услови во конкурсот и претходно рангирање на кандидатите според вкупно постигнатите бодови;
   - Селекцијата на кандидатите за доделување на стипендии исто така треба да се врши по нивно претходно рангирање според основниот критериум за доделување на стипендии - просечен успех во студирањето;
   - Комисијата за спроведување на конкурсот за стипендирање на талентирани студенти од студиите по информатика точно да ги прецизира студиските програми кои соодветствуваат на барањата на конкурсот;
   - Да се почитува основниот критериум за стипендирање на ученици од средното образование - освоена диплома на меѓународен или државен натпревар од областа на науката, техниката, културата, уметноста и спортот, организирани од институции надлежни за организирање на државни натпревари од основното и средното образование;
   - Во редовни интервали, МОН да објавува ажурирана листа на струки и дисциплини, кои се сметаат за дефицитарни и од интерес на РМ;

   - Доделувањето на стипендии за последипломски студии во странство да се врши исклучиво на кандидати кои се запишани на дисциплини кои не

се организирани на универзитетите во РМ, раководејќи се според ажуриран регистар на постојните и новоакредитираните последипломски студии.

2. Имајќи го предвид ограничениот буџет за наведената намена, МОН треба однапред да го утврди бројот на корисниците и исклучиво врз основа на распишан конкурс и извршено рангирање на кандидатите, да ги распределува средствата за наведената намена на транспарентен начин.
3. Во интерес на транспарентно доделување на средствата за поддршка на проекти за унапредување на ученичкиот стандард, МОН треба истите да ги одобрува по однапред дефинирани критериуми за проектите или настаните од приоритетно значење.
4. Одговорните лица во МОН да ја разгледаат можноста од донесување на повеќегодишна програма за изградба и реконструкција во основните и средните училишта од која што ќе произлезат годишните програми за реализација на истата.

## 11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.3.1. Ревизијата не е убедена во реалноста и објективноста на вредноста на искажаните постојани средства во Билансот на состојбата во износ од 84.593 илјади денари, поради следното:

- Материјалната евиденција на основните средства не е усогласена со фактичката состојба утврдена со пописот. Пописната комисија на пописните листи ги утврдила кусоците и вишоците на основни средства по одредени локации во однос на состојбата од претходната година. Голем дел од разликите се јавуваат поради селењето на опремата во други објекти заедно со вработените кои се преместени на нови работни места. Пописната комисија не ги расчистила разликите ниту ги утврдила реалните кусоци и вишоци на основни средства поради што не дала предлози за постапување по истите;
- Не е извршено усогласување на вредноста на постојаните средства искажана во финансиското сметководство со помошната материјална (аналитичка) евиденција. Утврдени се разлики во пресметаната амортизација во претходните години и во сегашната вредност во износ од 2.895 илјади денари;
- Евидентираниот расход во финансиското сметководство не соодветствува со износот на расходуваните средства во материјалната евиденција. Решението за расходување на основните средства како и списокот на опрема што се расходува не содржат податок ниту за поединечната вредност на средствата што се расходуваат ниту за нивната вкупна вредност. Користејќи алтернативни методи ревизијата утврди дека несоодветно евидентираниот расход во финансиското сметководство има за ефект нереално намалување на Деловниот фонд за износ од 733 илјади денари;
- Основните средства немаат инвентарни броеви. Во текот на пописот Пописната комисија не ги одбележувала со инвентарен број средствата набавените во 2007 год, заради што истите не се содржани во пописните листи;
- Вредноста на материјалните средства во Билансот на состојба е потценета во вкупен износ од 4.773 илјади денари поради следните причини:
    - не евидентирање на новонабавена опрема од страна на МОН во износ од 416 илјади денари;

- не евидентирана донација од 42 лап топ компјутери во износ од 2.442 илјади денари за кои се задолжени лицата кои ги примиле со реверси;
- не евидентирани 46 компјутери во износ од 1.915 илјади денари распределени на вработени во МОН од донацијата (1.300 компјутери) наменета за училиштата, без целосно обезбедени документи за задолжување.

11.3.2. Во финансиското сметководство на МОН не е воспоставена евиденција на Обврските спрема добавувачите ниту се води книга на влезни фактури што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Заради не евидентирањето на обврските спрема добавувачите потценети се позициите Обврски спрема добавувачите и Активни временски разграничувања во Билансот на состојбата и оптоварен е буџетот на МОН за камати за ненавремено плаќање на обврските и судски трошоци. Во 2007 година врз основа на судски решенија се исплатени 8.740 илјади денари и камати со вон судски спогодби во вкупен износ од 14.167 илјади денари од сметката на МОН. Ваквата состојба отвора можност за повторно плаќање на веќе платените обврски по судски пат и ја доведува во прашање реалноста на доставените податоци до Министерството за финансии за состојбата на ненамирените обврски.

**Препораки**

1. Не евидентираната опрема да се воведе во сметководствената евиденција (материјално и финансиско сметководство). По завршувањето на физичкиот попис на основните средства раководителот на Секторот за финансии да обезбеди Пописната комисија да изврши негово усогласување со материјалната евиденција.
2. Раководителот на сметководството да обезбеди воспоставување на аналитичка евиденција на обврските спрема добавувачите како и да се воведе книга на влезни фактури во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

## 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.4.1. Поради причините наведени во точката 11.1.1. како и врз основа на поединечни решенија за исплата на вработени за зголемен обем на работа по основи кои не се опфатени со споменатиот Правилник вршени се исплати на надоместоци за работи и задачи кои што спаѓаат во редовни работни обврски согласно актот за систематизација. Исто така, висината на исплатените износи на поедини вработени го надминува максималното дневно расположиво време за нивно дополнително ангажирање. Во 2007 година по најразновидни основи на 92 лица од вкупно вработените 236 исплатени се средства од Буџетот на РМ за зголемен обем на работа во вкупен износ од 14.246 илјади денари и тоа:

- За работи на доделување студентски стипендии и кредити и за прием на студенти во студентските домови исплатени се средства во износ од 2.377 илјади денари. И покрај тоа што работата во Комисијата подразбира работи на: доделување на стипендии за талентирани ученици, разгледување на приговори, разгледување на апликации за доделување на стипендии од Владата, архивирање и обработка на апликации за талентирани ученици, прием на студенти во државните студентски домови за секој дом поединечно, изготвување на

електронска пријава за прием на студенти во студентските домови, архивирање и обработка на апликациите за прием на пријавите во студентските домови и слично, членовите на комисијата и лицата надвор од утврдениот состав на истата се надоместувани за секоја од наведените активности поединечно.

- На вработените од одделението за финансиско сметководствени работи за дополнителни активности на посебните сметки за проекти, за изготвување на збирна завршна сметка, за систематизирање на податоци за пресметка на плати, за исплата на плати на осум наставници во странство и слични активности исплатени се 2.001 илјада денари. За истите активности Министерството ангажирало лице по договор на дело кое е исплатено 310 илјади денари;
- За подготовка на закони, правилници и планови, исплатени се 1.607 илјади денари, иако во организационата структура на МОН постои Сектор за нормативно правни работи во чија надлежност припаѓа подготовката на овие акти ;
- За изработка на уредба и формула за наменските дотации нивна распределба и мониторинг, за учество во комисија за оценка на исполнетоста на условите за почеток на работа на факултети и студиски програми, верификација на високообразовни квалификации стекнати во странство, за учество во комисија за јавни набавки и други слични активности кои што спаѓаат во редовни работни обврски исплатени се вкупно 5.222 илјади денари;
- Ревизијата посебно ги истакнува исплатите на 3.039 илјади денари по основи кои што доведуваат до нереално преценување на трудот на поедини вработени во МОН и крајно неконтролирано трошење на буџетски средства поради исплати по следните основи: изготвување на план листа за распределба на вработените по канцеларии, организациско разместување на вработените и обезбедување на непречена работа, изготвување на согласност за вработување, работна група за организирање и имплементирање на вонредни активности во вонредни услови, изработка на решенија за распоредување на вработените по работни места, дополнително вложен труд за навремено и успешно извршени работни задачи, преглед на пријавите и документација од кандидатите кои се пријавиле за волонтери во МОН, прекувремено ангажирање за спроведување на нова систематизација во МОН, изготвување на вонсудска спогодба, изготвување на предлог пресметка за 2008 година и слично.

Од анализата што ја направи ревизијата утврдено е дека вкупниот годишен износ на надоместоци по вработен се движи од 800 денари до 1.261 илјада денари по лице. Најголемиот дел односно 70 % од износот за надоместоци е исплатен на 25 вработени по следниот редослед:

*Во 000 денари*

| Ред број | Работно место | Исплатен износ во 2007 |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на секторот за финансиско сметководствени работи | 1.261 |
| 2 | Раководител на секторот за подршка на Министерот | 961 |
| 3 | Помошник раководител на секторот за нормативно правни работи | 726 |
| 4 | Раководител на секторот за високо образование | 603 |
| 5 | Раководител на Одделението за ученички и студентски стандард, стипендии и кредити | 555 |
| 6 | Раководител на Одделение за финансиско сметководствени работи на администрација, основно и средно образование | 509 |
| 7 | Советник за нормативно правни работи во Секторот за високо образование | 505 |
| 8 | Раководител на одделение за проекти и донации | 432 |
| 9 | Државен советник за правни работи и управување со човечки ресурси | 427 |
| 10 | Раководител на секторот за основно и средно образование | 372 |
| 11 | Самостоен референт за стручно административни работи за финансиско сметководствени работи во администрацијата, основно и средно образование | 363 |
| 12 | самостоен референт за стручно административни работи за финансиско сметководствени работи во администрацијата, основно и средно образование | 347 |
| 13 | Советник за постсредно образование и образование за возрасни | 345 |
| 14 | Државен советник за образовни политики | 343 |
| 15 | Советник за планирање и унапредување на дејноста | 325 |
| 16 | самостоен референт за стручно административни работи за финансиско сметководствени работи за високо образование, наука, меѓународна соработка и информатика. | 238 |
| 17 | Раководител на одделение за подготовка на буџетот | 231 |
| 18 | Раководител на Оддление за планирање и унапредување на дејноста во основното и средното образование | 230 |
| 19 | Помошник раководител на сектор за основно и средно образование | 206 |
| 20 | Министер | 203 |
| 21 | Помлад соработник за меѓународна соработка во високото образование | 196 |
| 22 | Раководител на одделение за академско признавање во високото образование и информативен центар | 159 |
| 23 | Државен секретар | 155 |
| 24 | Раководител на одделение за стратешко планирање | 150 |
| 25 | Советник за систем и организација на дејноста во основното образование | 147 |
| | ***Вкупно :*** | **9.990** |

Лицата од реден број еден до четири од табелата примале надоместоци и од посебните сметки со кои што располага МОН односно исплатените надоместоци за овие лица се повисоки од наведените и по редослед изнесуваат: 1.753 иљади денари, 1.424 иљади денари, 781 иљада денари и 896 иљади денари. Раководителот на секторот за финансиско сметководствени работи е вработен во МОН од 2.05.2007 година и за осум месеци работа примил надоместок за зголемен обем на работа во висина од 108 просечни македонски плати , а за истото време примил нето плата во вкупен износ од 244 иљади денари.

Ревизијата е должна да укаже на фактот дека голем дел од Решенијата за исплата не се потпишани лично од Министерот, туку со негов факсимил, а овластувањето за негово користење не и беше доставено на увид на ревизијата.

11.4.2. Исплатени се средства во вкупен износ од 8.858 илјади денари, спротивно на условите утврдени во Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување средства за научно истражувачка дејност, технолошки развој и техничка култура претставуваат ненаменски и незаконски потрошени средства и тоа:

- Врз основа на Одлука на Министерот од 18.07.2006 година за покривање на дел од печатарските трошоци за научни трудови и списанија исплатени се вкупно 7.740 илјади денари на автори кои што не ги исполниле целосно условите од конкурсот објавен согласно Програмата. Исплатите по оваа Одлука претставуваат незаконско и ненаменско трошење на средства што истовремено ја довеле во прашање и реализацијата на Програмата за 2007 година;
- За финансирање на научни работници за службени патувања во странство на кои што целта на патувањето не им била учество на научен собир исплатени се 288 илјади денари;
- За издавање на списание за култура ,,Алтернатива„ доделени се 460 илјади денари на Т-КОМ Друштво за продукција , издаваштво, маркетинг и културни дејности-Куманово.
- За учество во финансирањето на печатарските трошоци на научни трудови на издавачката куќа „АРС 33„ Тетово и „Арберија десигн„ – Тетово исплатени се средства во вкупен износ од 120 илјади денари
- За организирање на научниот собир„ Зачувување и развивање на културните богатства„ на „Здружение за културни иницијативи„ – Гостивар исплатени се 150 илјади денари;
- За организирање на научен собир „Учебниците на албански јазик во Република Македонија„ исплатени се 100 илјади денари на Здружение Сојуз на наставници албанци „Наим Фрашери„
- На физичко лице исплатени се вкупно 98 илјади денари за учество на маѓународни семинари од областа на спортот.

11.4.3. Спротивно на условите утврдени со конкурсот за доделување на стипендии за последипломски студии и стипендии за стекнување на докторат во учебната 2005/2006 година министерот за образование и наука со решение доделил стипендии за последипломски студии во земјата на 8 лица кои немаат постигнат просечен успех од најмалку 8.50 и на денот на конкурирањето биле постари од 27 години спротивно на Правилникот за утврдување на услови и критериуми за доделување на средства за создавање на научно-истражувачки кадри за што незаконски се исплатени средства во вкупен износ од 720 илјади денари .

11.4.4. На разни здруженија по различни основи на нетранспарентен начин без да постои законска основа за нивна исплата од буџетот на МОН исплатени се вкупно 3.289 илјади денари по следните основи:

- За организирање на 11 Македонски студентски игри на Сојуз на студенти на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, Скопје исплатени се 2.000 илјади денари;
- За набавка на влезни билети за концертот на Израелскиот филхармониски оркестар на Фестивал Охридско лето исплатени се 210 илјади денари;
- За подршка на Европски еколошки симпозиум Еуро инварио 2007 на Здружение на граѓаните за поттикнување на креативноста и слободното изразување на младите „ Млади за млади„ исплатени се 245 илјади денари;

- За настап на државни репрезентативци во класата на пионери на претстоечки меѓународни натпревари на карате клуб „Јошитака„ исплатени се 164 илјади денари;
- За одржување на 31-от меѓународен турнир во борење слободен стил „Македонски бисер„ на Федерацијата на боречки спортови исплатени се 60 илјади денари;
- За организирање на регионална средба на директори од програмата за основно образование ненаменски се исплатени средства во износ од 195 илјади денари;
- За подмирување на трошоците за настап на Европското првенство во џудо за ветерани на џудо клуб „ Чегране„ Гостивар исплатени се 30 илјади денари;
- За пилот проект за проблемите на хендикепираните во РМ и одржување на 4 работилници на Здружение на инвалиди Шпреса исплатени се 185 илјади денари;
- По поднесено барање од Светското бекташиско поглаварство - Бекташиска заедница во Македонија за одобрување на средства за набавка на книги , компјутери, подготовка на карта, поддршка за бекташки манифестации на Арабати баба Теке исплатени се 200 илјади денари.

11.4.5. Спротивно на Одлуката од Владата за утврдување на правото за користење на службен мобилен телефон, министерот со посебно решение не ги утврдил лицата кои што имаат право да користат службени мобилни телефони поради што ревизијата не е убедена во наменското трошење на средства во вкупен износ од 558 илјади денари исплатени за мобилни телефони за лица вработени на договор на дело, лица вработени во СОЗР како и за вработени на кои што според работното место не им следува користење на службен мобилен телефон-советници, соработници, возачи. Исто така, на лицата кои што имаат право да користат службен мобилен телефон одобрувани им се повисоки лимити од утврдените со Одлуката без да се донесе решение од страна на министерот со усмени инструкции и истите варираат во текот на годината. Ревизијата е должна да укаже на фактот дека бројот на корисниците на службени мобилни телефони во МОН од 23 корисници во јануари 2007 година е зголемен на 60 во декември истата година, се плаќаат сметки за мобилни телефони кои што се водат како нераспределени , а присутна е појава на задолжување на едно лице со два службени телефони.

11.4.6. За месечен надомест за работата на членовите на Одборот за акредитација на високото образование исплатени се вкупно 1.671 илјада денари. Согласно Законот за високо образование Одборот е самостојно тело и истиот располага со посебна сметка на која што се остваруваат приходи од акредитација на проекти за основање на високо образовни установи или програми и се вршат исплати на надоместоци по извршена акредитација на комисиите од соодветни научни области формирани од редот на членовите на Одборот. Исплатата на месечниот надомест за работата на членовите на Одборот за акредитација од сметката за редовно работење упатува на ненаменски потрошени средства.

11.4.7. Надвор од утврдената методологија во Уредбата за распределба на наменските дотации во основното/средното образование по општини во 2007 година МОН превземало обврска за финансиска консолидација на училиштата. Исплатени се средства во износ од 100.998 илјади денари на 48 општини за сервисирање на неплатени достасани обврски за стоки и

други услуги (комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт) на основните и средните училишта за 2005, 2006 и 2007 година. Овие расходи согласно Законот за финансирање на ЕЛС се финансираат исклучиво од дотации од буџетот на РМ и сопствени извори на приходи на општините.

Распределбата на средствата е извршена без утврдени критериуми со оглед на фактот што истата не соодветствува со бараните износи од училиштата. Имено, две општини (Сарај и Бутел) добиле повисоки износи од наведените доспеани обврски (првата, двојно повеќе), една општина (Желино) не навела долгови, но добила 200 илјади денари, додека две општини (Кичево и Крива Паланка) побарале 5.106 илјади денари за финансирање на достасаните обврски во дејноста – основно образование, а не добиле средства. Со оглед дека распределените средства во наведените дејности се со различен степен на покриеност на доспеаните обврски по одделни општини, ревизијата констатира необјективна распределба на средствата користејќи ги своите дискрециони права Министерот за образование и наука.

11.4.8. МОН за образование и наука при ревизијата на јавните набавки за 2007 година не ги испочитувало целосно одредбите од Законот за јавни набавки или воопшто не спровело постапка за јавна набавка во следните случаи:

11.4.8.1. Реализирани набавки во вкупен износ од 37.885 илјади денари без спроведена постапка, што подразбира донесување на решение за потребата од набавка, утврдување на видот на постапката и решение за избор на најповолен понудувач. Неспроведувањето на постапки во согласност со Законот за јавни набавки со што не е обезбедена транспарентност и јавност на набавката, а заради фаворизирање на одредени добавувачи има за ефект набавки на стоки и услуги по повисоки цени.

11.4.8.2. Во текот на 2006 година МОН спровело постапка за јавна набавка за продолжување на изградбата на О.У. Кузман Јосифовски Питу во Кичево поради раскинување на договорот со претходниот изведувач. Со најповолниот добавувач Феџо компани склучен е договор на износ од 14.818 илјади денари, а во текот на 2007 година и анекс на истиот на износ од 2.853 илјади денари. Освен исплатите по договорот и анексот, ревизијата утврди и дополнителна исплата на средства во износ од 18.043 илјади денари врз основа на конечна ситуација за изведба на фасада, инсталирање на парно греење и поставување на под - ставки кои што не се предвидени со основниот договор и анексот и без спроведена постапка за јавна набавка и склучен договор со изведувачот. По изведувањето на непредвидените работи, МОН побарало од Бирото за јавни набавки согласност за преговарање, но поради неисполнување на условите за овој вид постапка не е добиена согласност, што има за ефект незаконско потрошени средства.

11.4.8.3. Спротивно на Законот за јавни набавки склучен е договор со ЈП Македонска радио дифузија за обезбедување на напонска и комуникациска мрежа во основните училишта за што се исплатени средства во целосен износ на договорот од 100.000 илјади денари авансно веднаш по потпишување на договорот, а работата е предвидено да се заврши во текот на 2008 год. Авансната исплата на средства во висина на вредноста на договорот има за ефект незаконско трошење на средства.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветни постапки предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства, набавки по повисоки цени, необезбедување на јавност, транспарентност и фер конкуренција меѓу добавувачите.

**Препораки**

1. Министерот за образование и наука да ги задолжи надлежните служби, незаконски исплатените средства на вработените по разни основи во 2007 година да бидат вратени од страна на вработените во МОН и уплатени во буџетот на РМ. Исто така, да се напушти воспоставената практика на исплата на надоместоци за вршење на работи и задачи што спаѓаат во редовни работни обврски на вработените. Освен тоа, министерот да издаде писмено овластување за лицата кои ќе го користат неговиот факсимил за одобрување на документи.
2. Да се утврди одговорноста на лицето за финансирањето на дел од печатарските трошоци за научни трудови и списанија, доделувањето на средства за учество на научни собири или нивно организирање да се врши според утврдените критериуми со Правилникот.
3. Министерот за образование и наука да ја преиспита постапката за доделување на стипендии за последипломски студии и стипендии за стекнување на докторат и истата да ја усогласи со условите утврдени во Правилникот за утврдување на услови и критериуми за доделување на средства за создавање на научно-истражувачки кадри.
4. Одобрувањето за исплати на средства од страна на овластените лица во министерството да се врши исклучиво за намени и во висина на износите одобрени од Буџетот на РМ според постапки и критериуми утрдени во законските прописи што ја третираат конкретната проблематика.
5. Министерот да донесе Решение со кое што ќе ги утврди лицата кои што имаат право да користат службен мобилен телефон како и износот на одобрениот лимит кој што ќе биде усогласен со Одлуката на Владата на РМ.
6. Исплатата на месечниот надоместок на членовите на Одборот за акредитација да се врши од соодветната сметка на која се остваруваат приходите од акредитација.
7. Поради воведувањето на наменски дотации за основното и средното образование, МОН во иднина не треба да превзема обврска да ги исплатува заостанатите доспеани обврски за стоки и други услуги на општините, со цел да не се нарушува буџетската дисциплина во локалната самоуправа.
8. Министерот да преземе соодветни мерки за воспоставување интерни процедури и постапки за внатрешна контрола на законитоста, ефективноста и ефикасноста на трошењето на буџетираните и одобрени средства за јавни набавки согласно одредбите пропишани со Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3. и 11.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за образование и наука - Сметка за средства од буџетот на РМ на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.4. кај Министерството за образование и наука - Сметка за средства од буџетот

на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Обрнуваме внимание** дека МОН склучило договор со Комерцијална инвестициона банка а.д. Куманово на 24.12.2003 година во вредност од 66.250 илјади денари за купување на деловен простор со површина од 3.080 м2. Истиот претставува училишен простор за изведување на настава на албански наставен јазик за паралелките од училиштата ДСУ ГИМ „Гоце Делчев„, ДСЕМУ „Наце Буѓони„ и ДСЕУ „Перо Наков„, сите од Куманово. Отплатата на деловниот простор била предвидена во три рати (првата, во износ од 45.000 илјади денари најдоцна до 31.12.2003, а остатокот во две еднакви рати – најдоцна до 31.12.2004 и 31.12.2005 година). Поради доцнењето во отплатата на ратите по договорот од 24.12.2003, завршната отплата е направена во 2007 година во вкупен износ од 41.719 илјади денари, од кои 14.127 илјади денари е заостанат главен долг, додека 27.592 илјади денари е затезна камата за периодот од 01.01.2004 до 20.12.2007 година. Ненавременото обезбедување на средства во Буџетот на МОН за отплата на ратите, согласно со утврдената динамика на плаќање, предизвикало непредвидени дополнителни буџетски трошоци за затезни камати, кои достигнале 41,6% од главниот долг.

**Обрнуваме внимание** дека поради ненавремено обезбедени услови за инсталација на набавените компјутери во училиштата од Проектот „ Компјутер за секое дете„ истите се складирани во неколку државни складишта и во согласност со условите од Договорот склучен со добавувачот, доцнењето на инсталацијата го намалува гарантниот рок на компјутерите. Ревизијата е должна да укаже на фактот дека во моментот на вршење на ревизијата ускладиштените компјутери не се осигурани и покрај тоа што степенот на реализација на инсталацијата е релативно низок. Владата на 22.11.2007 година донела заклучок со кој го задолжила МОН да спроведе тендер за нивно осигурување, но МОН спровело постапката со која што ги осигурало компјутерите само за периодот од 9.01-9.03.2008 година, со што не го покрива целосниот период на чување залиха.

14. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2005 година**

Министерството за образование и наука не превземало мерки за имплементација на препораките дадени од ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година кои се изнесени во точките: 11.1.2, 11.1.4; 11.1.5; 11.2.1; 11.2.2; 11.2.4; 11.3.1; 11.3.2, 11.4.1.-11.4.5; и 11.4.8. од овој Извештај и главно се однесуваат на неправилна примена на акти, утврдени неправилности во признавање на расходите, неправилно искажување на постојаните средства и обврските, како и ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 4.088.445 | 1.740.248 |
| **Вкупно приходи** | **4.088.445** | **1.740.248** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 121.034 | 116.205 |
| Резерви и недефинирани расходи | 23.889 | 5.589 |
| Стоки и услуги | 141.806 | 173.954 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 2.207.780 | 823.769 |
| Субвенции и трансфери | 410.870 | 235.906 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.905.379** | **1.355.423** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.183.066 | 384.825 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.183.066** | **384.825** |
| **Вкупно расходи** | **4.088.445** | **1.740.248** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 472 | 428 |
| Активни временски разграничувања | 6.658 | 6.022 |
| **Вкупно тековни средства** | **7.130** | **6.450** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 84.593 | 92.046 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 894.654 | 811.371 |
| **Вкупно постојани средства** | **979.247** | **903.417** |
| **Вкупна актива** | **986.377** | **909.867** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 7.130 | 6.450 |
| **Вкупно тековни обврски** | **7.130** | **6.450** |
| **Долгорочни обврски** | **894.654** | **811.371** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 84.593 | 92.046 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **84.593** | **92.046** |
| **Вкупна пасива** | **986.377** | **909.867** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **92.046** | **-** | **92.046** |
| **Зголемување по основ на:** | **497** | **-** | **497** |
| Набавки | 497 | - | **497** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **7.950** | **-** | **7.950** |
| Отпис на капитални средства | 3.507 | | **3.507** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 4.443 | | **4.443** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **84.593** | **-** | **84.593** |